# З А П И С Н И К

## од четиринаесеттиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации

## за 2026 година

Четиринаесеттиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на 13:00 часот.

Присутни: Проф. д-р Орце Симов, Анѓелка Диневска, Насер Адеми, д-р Адмирим Алити и Анкица Трпковска.

На состаокот беше присутен и Директорот на Агенцијата за електронски комуникации, Jeton Akiku.

За овој состанок беше предложен следниот дневен ред:

1. Усвојување на дневниот ред за четиринасеттиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации во 2026 година;
2. Усвојување на записникот од тринаесеттиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации;
3. Барање на согласност за јавна набавка на стока-Репрезентативен материјал за потребите на Агенцијата за електронски комуникации;
4. Барање на согласност за јавна набавка на услуга-Обука за стручно усовршување на вработените во Агенцијата за електронски комуникации;
5. Разгледување на Извештај за реализација на активностите утврдени во Годишната програма на Ангенцијата за електронски комуникации во првиот квартал од 2026 година;
6. Разгледување на Нацрт-Статут на Агенцијата за електронски комуникации, усогласен со Законот за електронските комуникации (Службен весник на Република Северна Македонија број 135/2025 и 269/2025), кој ќе започне да се применува од 01.06.2026 година, доставен на предлог на Директорот на Агенцијата за електронски комуникации;
7. Разно.

Претседателот на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации го отвори состанокот и го предложи дневниот ред на усвојување. Сите членови на Комисијата се согласија и го усвоија Предлог дневниот ред за четиринаесеттиот состанок во 2026 година.

Потоа членовите на Комисијата пристапија кон разгледување на точка 2 од Дневниот ред, по што го усвоија записникот од претходниот состанокот.

Во врска со точка 3, Комисијата едногласно даде согласност за јавна набавка на стока-Репрезентативен материјал за потребите на Агенцијата за електронски комуникации .

Во врска со точка 4, Комисијата едногласно даде согласност за за јавна набавка на услуга-Обука за стручно усовршување на вработените во Агенцијата за електронски комуникации.

Во врска со точка 5, Комисијата го разгледа Извештајот за реализација на активностите утврдени во Годишната програма на Ангенцијата за електронски комуникации во првиот квартал од 2026 година, доставен од Директорот на Агенцијата за електронски комуникации.

Во врска со точка 6, Комисијата го разгледа Нацрт-Статут на Агенцијата за електронски комуникации, доставен на предлог на Директорот на Агенцијата за електронски комуникации, и даде мислења и забелешки по однос на истиот, со цел истите да бидат инкорпорирани во Предлог-Статутот на Агенцијата за електронски комуникации.

Под точка разно немаше дискусија.

Седницата заврши во 15:30 часот.

Проф. д-р Орце Симов, претседател________

Анкица Трпковска, заменик претседател________

Анѓелка Диневска, член________

Насер Адеми, член________

д-р Адмирим Алити________

Наш број 1102- 21/2

Скопје 24.04.2026 година